Приватен научен
ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО
И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ
Бр. 03-627
09.11. 2023 год.
СКОПЈЕ

# ЗАБЕЛЕШКИ И СУГЕСТИИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ГРАДЕЊЕ

Имајки ги предвид севкупните општествено економски односи во Република Северна Македонија , особено Уставот на државата , постојните законски прописи што ги регулираат прашањата за и во врска со пазарната економија , слободата на конкуренцијата и конкурентноста воопшто , правото на сите субјекти за еднаков пристап на пазарот под исти услови , дискусиите на стручната фела од областа на урбанизмот, градењето и проектирањето , сметаме како општествено одговорен правен субјект треба да дадеме придонес за подобрување на текстот на Предлог законот за градење за општото добро на граѓаните и државата .

Гледано генерално сметаме дека Предлог законот за градење не дава еднакви шанси и можности на сите правни субјекти во нашава држава кои можат, имаат соодветни профили на кадри од областа на градењето , проектирањето и заштитата на градбите од сеизмички влијанија и ги исполнуваат сите услови од досега важечките закони . По читањето неминовно се наметнува впечаток дека Предлог законот за градење фаворизира одредени правни субјекти односно дисквалификува други правни субјекти. Конкретно сметаме дека чл.58 ст.2 алинеја прва практично поставува многу високи барања кои мора да ги исполнува правниот субјект што може да дава-изработува посебни стручни ревизии за сеизмичка отпорност на проектираниот конструктивен систем на градбите односно мислиме и тврдиме дека најмалку 8 лица со звање доктор на технички науки од областа на градежно -конструктивна насока и најмалку 6 лица магистри од областа на земјотресно инженерство како што се бара според Предлогот се многу високи барања кои само ќе ја ограничат или дури и оневозможат конкурентноста во овој сегмент од општествено економските односи. Истото го мислиме и тврдиме и за барањата што ги поставува чл. 58 ст.2 алинеја втора во поглед на техничката опременост и лабораториските капацитети на правните субјекти што ќе можат да изработуваат посебни стручни ревизии за сеизмичка отпорност на проектираниот конструктивен систем на градбите . Ние сметаме дека сета наведена техничка опрема не е потребна за сите градби за кои е потребна посебна стручна ревизија за сеизмичка отпорност. Сметаме дека работната група што го изготвува Предлог законот за градење треба да предвиди извесна флексибилност во поглед на технииčката опременост и лабораториските капацитети на правните лица што изработуваат посебни стручни ревизии за сеизмичка отпорност на проектираниот конструктивен систем на градбите. Освен тоа тврдиме дека предвидената техничка опрема и лабортаториски капацитети што треба да ги исполнуваат правните лица не е нужна за изработување на квалитетни стручни ревизии за сеизмичка отпорност на проектираниот конструктивен систем на градбите.
Имаме забелешки и на чл.58 ст.2 алинеја четврта во кој се предвидени рефернците што треба да

ги има правното лице  што изработува стручни ревизии за сеизмичка отпорност на проектираниот конструктивен систем на градбите. Конкретно сметаме дека  “изработени намалку 15 елаборати/извештаи за дефинирање на сеизмички проектни параметри  во последните три години “ и  “најмалку 5 извештаи од теренски мерења на вибрации на објекти“ се претерани и практично непотребни .

На крајот сакаме да сугерираме на работната група да покаже сенс и разбирање за општествено економската стврност во Република Северна Македонија , разбирање за правото за слободен пристап на сите правни субјекти на пазарот под еднакви услови , за конкуренцијата и кокурентноста кои се нужно потребни за квалитетни решенија  во конкретниов случај квалитетни и стручни посебни ревизии за сеизмичка отпорност на проектираниот конструктивен систем на градбите .

Втора сугестија наша е рабтната група да води сметка Уставот  чл. 55 , за законските решенија во другите важечки закони на пример Законот заштита на конкуренцијата ( службен весник на Репувблика Македонија бр. 145/2010, и дополненијата извршени во 2011, 2014, 2016 и 2018 година ) и  Законот  за научно истражувачка дејност ( Службен весник на Република Македонија бр.46/08)

Скопје, 08.11.2023 година

ИЗИКП
Д и р е к т о р
Проф.д-р Грозде Алексовски

Адвокат Трајче Китановски